**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 септември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски**: Господо пратеници продолжуваме со работа по Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Игор Ивановски, Цветанка Иванова, Цветанка Гашовска, Ана Андова, Благородна Мингова Крепиева, Весна Борозан, Есад Рахиќ, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓеорѓиев, Рафис Алити, Семијал Хасани, Зоран Крстевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Абдулади Вејсели, Теута Арифи, Фазли Велиу, Слободан Чашуле, Љубчо Георгиевски и Али Ахмети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 19 - Предлог на закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог на законот.

Има збор господинот Илија Србиновски.

Повелете.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани пратеници,

Јас сакам да кажам нешто околу овој Предлог на закон за референдум кој се наоѓа пред нас и другите облици на непосредно изјаснување на граѓаните. Тенденциите за донесување на еден ваков закон имаат еден свој поголем историјат, па така по соочувањето на владеачките партии со незадоволство на граѓаните по однос на владиното решение за консенсуална организација на локалната самоуправа и референдумот кој потоа се распиша, во јавноста се повеќе почнаа да се лиферуваат идеи кои што одеа во насока на промена на законот за референдум. Притоа бевме сведоци на повеќе варијации на истата идеја, па така слушнавме за можноста од вметнување во т.н. Бандитеров принцип при самото изјаснување на граѓаните, па се до идејата за нераспишување на референдум од страна на Собранието за прашањата по кои тоа одлучува со горе наведените принципи.

Сакам да укажам на тоа дека заеднички именител и цел на овој закон како во неговата прва фаза така и во постоечкиот Предлог на закон кој што сега го одредуваме е една и единствена, тоа несомнено е обид на една политичка гарнитура за ограничување на суверенитетот на граѓаните. Ваквиот облик претставува директно одење против Уставот на Република Македонија и флагрантно кршење на човековите права на граѓаните, во случајов правото на референдум.

Не знам дали ваквите потези на владеачките партии се мотивирани од идеолошкиот континуитет преземен од Сојузот на комунистите на Македонија и нивниот начин на практицирање на демократијата, или пак се резултат на стравот од соочувањето со волјата и ставот на граѓаните. Но, една работа е сосема јасна, тоа е потребата ваквиот обид најостро да се осуди и да се оневозможи неговото заживување во реалноста. Тоа е најмалку што може да се направи во прилог на почитување на највисокиот правен акт во оваа држава Уставот, како и во прилог на зачувување на демократијата и демократските процеси на Република Македонија.

Референдумот претставува најнепосредно демократско средство на одлучување на граѓаните, познато по широко применување во многу држави. Па така во земјите членки на Европската унија референдумот често се распишува за прашањата од функционирањето на Унијата, потоа тука е Швајцарија каде најмногу се употребува правото на референдумско изјаснување за најразлични теми од владеењето на демократијата. Словенија исто така е држава каде широко се употребува механизмот на референдумското изјаснување на граѓаните.

**Љупчо Јордановски:** Господине Србиновски, три минути поминаа, еве тоа е првата дигресија. Ве молам, ве молам за текстот.Теории за референдум можевте во општиот дел на расправата, кога беше во првата фаза.

**Илија Србиновски:** Благодарам претседателе, вие може да ме прекинете ако сакате, нема проблем.

**Љупчо Јордановски:** Имате право на три дигресии, првата ви е завршена, инаку не можеме да се справиме.

**Илија Србиновски:** Употребата на референдумот е исто така многу честа и во САД како кај државите така и кај локалните власти. На пример во САД во 49 сојузни држави се обезбедени законските можности за спроведување на референдуми и тие се чест дел од нормативниот процес на владеење.

На пожелноста од употребата на референдумот укажуваат и голем број на меѓународни договори кои го преферираат референдумот како средство кое ги зајакнува демократските процеси во државите. Таков меѓународен договор е на пример Европската повелба за локална самоуправа што ја има ратификувано и Република Македонија.

Во повеќето од овие држави дури и самата успешност на иницијативата за референдум се смета како доволен сигнал за власта да не внесе одредени корекции во законското решение кое што е предмет на изјаснување. Во ниту еден од овие примери не може да се сретнат

ограничувањата на ваквиот тип на непосредно одлучување на граѓаните како што се ограничувањата кои што се сретнуваат во членот 28 точка 3 од овој Предлог закон.

Стандардите за ограничувањето на референдумот во другите држави е ист со член 28 точка 2 од овој Предлог закон. Тоа значи дека референдумот не може да се организира за прашања поврзани со Буџетот, јавните давачки, одбраната во воена и вонредна состојба и слично. Дотука е се во ред. Меѓутоа во следната точка 3 од истиот член 28 се воведуваат ограничувања кои што се проблематични и неприфатливи од повеќе аспекти.

Како прво, со ваквото решение се наметнуваат ограничувања кои што не се во согласност со унитарниот карактер на Република Македонија, имено се доведуваме во состојба каде што мнозинството на граѓани стануваат заложници на малцинството граѓани заради воведувањето на етничките елементи во областа каде не е препорачливо воведување на истите. Со тоа во Република Македонија се повеќе се воведуваат елементи на консенсуална демократија за која е карактеристично дека е облик на демократија која се воведува во државите во кои со последни сили се настојува да се сочува нивната целовитост. Република Македонија не е таква држава.

Понатаму, решението во член 28 точка 3 оди во директна спротивност со Уставот на Република Македонија, поточно со членот 73 од Уставот. Во овој член јасно е наведено дека Собранието одлучува за распишување на референдум за одделни прашања од својата надлежност со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Понатаму, во истиот член стои, Собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150 илјади избирачи. Ова се одредбите од Уставот со кои се регулира постапката за распишување на референдум. Никаде во овие одредби не може да се сретнат ограничувањата кои што се наведени во овој Предлог закон.

Оттука логично произлегува констатацијата дека овој закон е во спротивност со Уставот на Република Македонија и доколку евентуално биде донесен ваков каков што е тој ќе биде поништен од Уставниот суд.

Во Рамковниот договор исто така нема одредба која ја тангира процедурата за распишување на референдум, оттука нема потреба и од законските промени кои се воведуваат во областа на референдумот. Таквите промени не се обврска на Рамковниот договор, напротив една од главните цели на Рамковниот договор е воспоставување и консолидација на владеењето на правото. Со ваквите непромислени потези не се почитува принципот на владеењето на правото, туку напротив тој принцип не се почитува заради постоење на некаква политичка опортуност. Значи, зад сето ова стои еден чисто политички проект, некаква спогодба што е во спротивност со Рамковниот договор. Посебно зачудува и фактот што ваквите ограничувања на референдумот се воведуваат во момент кога законската рамка која што беше обврска од Рамковниот договор е заокружена.

Значи, да резимирам, референдумот го сфаќам единствено како начин преку кој носителот на суверенитетот го изразува своето врховно право и ја наметнува својата неспорна волја. Од ова произлегува дека не може да има никаква интервенција од никого, особено ако целта е ограничување на суверенитетот. Со ваквото решение се наметнува една не типична ситуација каде избраните им го ограничуваат правото на тие што впрочем и ги избирале.

Не смее да се дозволи една политичка групација која како што вели е во служба на народот, која е носител на суверенитетот да му го ограничи неговото врховно право.

Од тие причини јас нема да гласам за овој закон.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Србиновски.

Господинот Стојановски не е тука, избришете го.

Повелете господине Краљевски имате збор.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги,

Во расправата по текстот по Предлог законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, мојот придонес ќе биде насочен кон спорниот член 28 став 3 и членот 40 став 2 од предложениот закон.

**Љупчо Јордановски:** Само да ве потсетам кога дискутиравте по тој амандман ветивте дека не да земете учество по текстот на законот.

**Чедомир Краљевски:** Точно така.

**Љупчо Јордановски:** Јас мислам дека сте човек од збор.

**Чедомир Краљевски:** Точно е дека сум човек од збор меѓутое се променија некои околности, бидејќи јас очекував парламентарното мнозинство да ги усвои предложените амандмани од предлагачите на амандманите кои се однесуваа точно на овие пред малку цитирани одредби од Предлог законот, како тоа не успеа јас сепак уште еднаш со мојава дискусија ќе сакам да појаснам некои работи и да апелирам до парламентарното мнозинство конечниот текст на законот да не помине односно да не го усвои.

Почитувани колеги,

Јас би тргнал од еден принципиелен став и би тргнал, од почетниот, елементарен поим на демократија, најосновното значење на поимот демократија подразбира власт на народот односно на граѓаните. Граѓаните ја изразуваат својата политичка волја и на тој начин ја организираат власта и владеат во државата и со државата. Основен и елементарен начин на изразување на политичката волја на граѓаните во креација на одредени политички одлуки и решенија е секој граѓанин, поединец со право на

глас истиот непосредно да се произнесе по одредено предметно прашање. Па така, за одредени кадровски прашања граѓаните непосредно се произнесуваат на избори, а за други прашања што ги тангираат нивните витални интереси во организирањето на општественото живеење, тие својата непосредна волја ја изразуваат преку институтот референдум и други облици на изјаснување.

Значи, од практични причини и разбирливи причини, се надевам не треба да ги образложувам до крај кои се причините да кажеме поради просторни, непостоење на просторни услуги, поради непостоење секогаш на материјални услови, востановени се во политичката пракса низ историјата на организираните општества, институции и институти на посредно изјаснување на волјата на граѓаните како што во парламентарниот политички систем е институцијата пратеник. Значи, институцијата пратеник и парламент како посредно изјаснување на политичката волја на граѓаните е изведена и на тој начин второстепена по значај и по важност од основниот начин на изразување на политичката волја на граѓаните, а тоа е референдумот и другите облици на непосредно изјаснување. И, ние со овој Предлог закон во посочените точни одредби членот 28 и членот 40 во првиот став 3, во вториот став 2, ја анулираме односно го поништуваме тоа основно непосредно право на граѓаните на една држава непосредно да се изјаснат за одредени политички прашања што го тангираат нивниот живот и нивните интереси во организирањето на нивното живеење.

Значи, ние суспендираме едно право кое низ историјата е воспоставено, да кажам од Перикле, од Демократска Атина па се до ден денеска и го заменуваме со некаков Бадинтеров принцип, кој пред се во овој Предлог закон е имплементиран преку овие два спорни членови на неуставен начин. Зошто на неуставен имавме претходно прилика да чуеме од другите говорници, бидејќи во Уставот не стои изрична одредба во Амандманот X дека законите што во ова Собрание се носат по Бадинтеровиот принцип не смеат или не можат да бидат ставени на дополнително референдумско изјаснување на граѓаните на државата, односно во државата.

Ние тој Бадинтеров принцип го креваме на уставно ниво што има импликации и ќе произлезат правни дејства како што се предлага во законот и во законите, а никаде не е запишан таков принцип. Тоа произлегува само од погрешното и недоследното толкување на Бадинтеровиот принцип во Амандманот X.

Значи, доаѓаме до вториот заклучок дека пред се овие два члена, спорни члена се неуставни и како такви не можат, а основниот принцип при носењето на законите е законите да бидат во согласност со Уставот. Не можат законите да бидат во согласност со некакво толкување на Уставот. Тие мора да бидат во согласност со изричните одредби кои произлегуваат од самиот Устав.

Ако сакаше законодавецот да постапи правилно, тогаш требаше да тргне по друга линија, во друга насока односно по друг редослед. Прво требаше да се поднесе иницијатива за промена на Уставот односно за дополна на Амандманот X од Уставот каде после ставот 3 ќе се додаде нов став 4 во кој ќе стои "законите донесени во ова Собрание со Бадинтеровото мнозинство не можат да се стават на дополнителна референдумска проверка пред граѓаните на Република Македонија". Меѓутоа тука има еден проблем мислам дека аналитичарите во делот на парламентарното мнозинство прецениле дека нема да соберат двотретинско мнозинство за да ја протуркаат оваа промена на Уставот, така да бај д веј, со овие други преземени промени во Уставот во делот на судската власт.

Бидејќи утврдиле и заклучиле дека не може да се дојде на таков начин на суспендирање на правото на референдум на граѓаните на Република Македонија тргнале по еден заобиколен пат, тргнале преку закон со неуставни законски предлог решенија да го решат овој проблем, меѓутоа очигледно ќе се сретнат и со Уставниот суд, а и со размислите и насоките и посочувањата и сугестиите на пратениците од опозициониот дел на Собранието.

Кршиме два принципа, го кршиме принципот, прво, на непосредното референдумско изјаснување на граѓаните и вториот принцип, принципот на уставност и законитост при носење на законите. И, не знам дали е потребно уште да дискутирам какви се други импликации може да произведат ваквите неуставни норми, јас конкретно зборувам за членот 28 и за членот 40.

Во преостанатиот дел законот има преодна оценка, меѓутоа, еве да тргнеме од една политичка, така да ја наречам импликација односно последица што може да ја произведе ваквиот закон. Дали секогаш априори политичката волја на претставниците на малцинските заедници на Република Македонија во ова Собрание ќе има доминантно влијание односно доминантна улога па дури и поголема улога и од волјата на граѓаните кои се припадници на малцинските заедници во Република Македонија. Зошто ова го велам? Може ли да се случи во политичкото живеење, во политичката пракса еден закон што ќе биде донесен со Бадинтерово мнозинство овде во Собранието и кој ќе биде по волја и по мерка на политичката елита на една или повеќе, па и на сите малцински заедници во ова Собрание да не биде по волја и по мерка и по желба на граѓаните на Република Македонија кои не се пратеници, кои не се политичка елита во ова Собрание, а кои се припадници на малцинските заедници во Република Македонија.

И ако тогаш, еве, да кажеме мнозинската заедница или македонскиот народ, заедно со граѓаните од другите малцински заедници сакаат да преиспитаат еден ваков закон, едно такво

решение донесен со Бадинтерово мнозинство од таа политичка елита во тој момент во ова Собрание, ќе и биде ускратено и правото на тие граѓани, припадници на тие малцински заедници затоа што овој закон забранува да бидат преиспитани законите што се донесени со Бадинтерово мнозинство во ова Собрание. Значи, априори не им дава да се соединат волјите на било кој граѓанин од било која етничка припадност за да стават на проверка некој закон, што во одреден политички момент е донесен и е по волјата на претставниците на тие малцински заедници кои не секогаш ќе се поклопуваат или ќе бидат по мерка и на остатокот односно граѓаните од тие малцински заедници. Овој закон ќе се претвори во спротивност сам на себе, сакајќи да го заштити правото на припадниците на малцинските заедници во Република Македонија тој се претвора во сопствена спротивност и во негација на тоа право, бидејќи, зошто да не, политичката пракса може да воведе и до такви ситуации, граѓаните од албанската, српската, ромската, бошњачката, турската и друга етничка припадност да сакаат да преиспитаат некој закон што е донесен со Бадинтерово мнозинство во ова Собрание, а тоа ќе им биде оневозможено затоа што ние вградуваме во овој Предлог закон една погрешена, фалшива неуставна норма. Можам да набројам и некои други примери на нелогични последици. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Краљевски, ве молам, не ги набројувајте примерите бидејќи веќе ги потрошивте и двете дигресии, ова ви е трета. Да се вратите на текстот на Законот.

**Чедомир Краљевски:** Добро.

Почитуван претседателе, не сакам да ве нервирам и иритирам.

**Љупчо Јордановски:** Не ме нервирате, туку сега се расправа по текстот на Законот.

**Чедомир Краљевски:** Ќе го скратам говорот.

**Љупчо Јордановски:** Јас мислам дека доволно претпоставени примери дадовте и да се вратиме на текстот за да ги слушнеме завршните зборови или ако имате уште нешто да кажете.

**Чедомир Краљевски:** Добро, не ми преостанува ништо друго освен да кажам дека нема да го поддржам овој Предлог на закон во конечното гласање.

**Љупчо Јорданoвски:** Благодарам.

Господинот Витановски не е тука.

Има збор господинот Никола Апостоловски.

Ве молам зборувајте по текстот на законот, бидејќи слушнавме доста примери.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани пратеници,

Денес по втор пат Собранието расправа по Предлогот за донесување на законот за референдум и другите облици на непосредно изјаснување на граѓаните, закон кој јас во првата фаза го поддржав, имав некои предлози и дополнувања кои на мое задоволство беа прифатени и се вградени во овој текст.

Понудениот текст на законот ги дефинира облиците преку кои граѓаните ја остваруваат власта по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување. Искрено во оваа расправа очекував да бидат поднесени повеќе амандмани на понудениот текст на законот, и тоа очекував да бидат поднесени амандмани на членовите 23, 24, 25 и 27, каде се дефинира задолжителното распишување на референдум и можноста за кои прашања може да се распише референдум. Но скоро сите поднесени амандмани се однесуваат на бришење на точката 3 од членот 28 и точката 2 од членот 40.

Во оваа расправа, почитувани колеги, која трае веќе втор ден, се искажаа многу работи дека точката 3 на членот 28 и точката 2 на членот 40 се во спротивност со Уставот, се искажа дека пратениците се узурпатори на правата на граѓаните, се кажа дека со овие одредби се заштитуваат правата на малцинствата на сметка на мнозинскиот народ итн. Заради запознавање на јавноста, сакам да истакнам неколку работи, и тоа:

Во најголем број од дискусиите се зборуваше за членот 28 точка 3, за референдум на државно ниво, каде е дефинирано за кои прашања не може да се распише референдум, но некако срамежливо се споменуваше членот 40 точка 2 каде се дефинира за кои прашања не може да се распише референдум на локално ниво.

Почитувани колеги, Законот ги уредува прашањата не само за кои не може да се распише референдум на државно ниво, туку и прашања за кои задолжително мора да се распише референдум, а тоа е членот 23, или може да се распише референдум, тоа се членовите 24 и 25 или за прашања за кои може да се распише претходен референдум, односно референдум за консултации, членот 26 и 27, што исто се однесува и за распишување на референдум на локално ниво.

Од ова може да се заклучи дека со законот не се дефинираат само прашања за кои не може да се распише референдум, туку законот обврзува за кои прашања мора да се распише референдум или може да се распише референдум. Значи за кои мора, а за кои може да се распише референдум или претходен референдум.

Овој закон го гледам во правец на успешно регулирање на процесот на децентрализација која е во тек, каде граѓанинот непосредно ќе одлучува за прашања од делокругот на неговото живеење.

Сега сакам да поставам едно прашање до сите колеги. Имено, зошто некои држави со традиција во парламентарната демократија немаат воопшто предвидено во своите устави, ниту пак уредено прашање за изјаснување на референдум, ниту пак е предвидена можност во уставите за непосредно изјаснување на граѓаните. Овде беше кажано од

некои колеги дека многу држави имаат во Уставот вградена можност за непосредно изјаснување на граѓаните, но многу и немаат.

Почитувани пратеници, членовите 28 и 40 го отсликуваат Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, односно точката 1.3. од Рамковниот договор за мултиетничкиот карактер на македонското општество кое мора да се сочува и да најде свој одраз во јавниот живот. Исто така, точките 5.1. и 5.2. од Рамковниот договор кои се однесуваат на собраниските процедури, а што е во согласност со точката 1.4 од Рамковниот договор, каде е дефинирано дека современата демократска држава во природниот тек на својот развој и созревање мора постојано да обезбеди нејзиниот Устав целосно да ги исполнува потребите на нејзините граѓани во согласност со највисоките меѓународни стандарди кои и самите постојано треба да се развиваат.

Од овие причини, да не должам, јас ќе го поддржам предложениот закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Александар Флоровски, ако не се откажал.

**Александар Флоровски:** Не сум се откажал, но ќе бидам краток.

**Љупчо Јордановски:** Колку краток?

**Александар Флоровски:** Во рамки на нормала.

**Љупчо Јордановски:** Добро, десет минути, повелете.

**Александар Флоровски:** И помалку може да биде од 10 минути.

Нема да го поддржам законот од две причини, односно од една причина: затоа што е донесен за дневно политички интереси, спорни се две работи во законот, став 3 на членот 28 и членот 40. Исто така, скроен е во кабинетите на Министерството и Владата. За жал, две решенија на кои можам да им дадам квалификации како класични антимакедонски решенија. Давам политичка оценка, нели, впрочем овој парламент е политички парламент составен од политички партии, така што мислам дека нема никој да ми даде забелешка како прва, втора и трета дигресија. Значи давам политичка оценка на ова што се случува. Тие два члена се спорни. За жал, претставникот на Министерството не најде за потребно ниту да продискутира за оваа работа, да излезе овде пред нас за да објсни зошто е дојдено до оваа работа. Едноставно одбиени се амандманите предложени од пратениците на опозицијата, а верувам дека и многу пратеници од позицијата се согласуваат, иако се принудени да гласаат, во тоа воопшто не се сомневам. Она македонско во нив повторно проработува без разлика на политичката припадност, но не е битна во овој момент. Има еден двоен аршин, поведен од дневно-политички интереси што во политиката се вика политиканство, а не долгорочна конзистентна политика со јасни политички цели не на штета на сопствениот народ, нормално не на штета на граѓаните на Република Македонија. Пред Уставот сите сме граѓани, сите сме рамноправни и сите сме еднакви. Со ова се одзема правото, се узурпира правото на граѓаните, иако Македонија е дефинирана како граѓанска држава според член 2 став 2 на Уставот на Република Македонија, за кој воопшто не водевте сметка, не ве ни интересира и апсолутно ми е јасна вашата крајна цел. И повторно ќе кажам дека ова е класичен антимакедонски чин, како таков го сваќам и поинаку не можам да го сватам. Можеби ќе бидам подложен на реплики и критики, но тоа е моето размислување и имам право овде да го искажам. Значи македонецот денес е фрлен на колена, ова е можеби еден од последните капаци врз нашата глава или врз нашиот грб кој многу ни тежи, но за жал нашата Влада во овој состав во кој ја гледаме можеби поинаку не може да делува, иако не можам да сватам како лесно и бегло преминуваат така низ работите едноставно дозволувајќи државата да тоне секојдневно се подлабоко и подлабоко, што се однесува до националното прашање. Економски не сакам да говорам, 400 и кусур илјади невработени доволно говорат "за доброто работење" на оваа Влада итн.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, имаме доверба на Влада, имате денес митинг, таму ќе се каже.

**Александар Флоровски:** Ова е претседателе една политичка оценка на целиот текст, ова е општа расправа и сега во општата расправа по текстот на Законот зборувам, се се однесува на текстот, членот 28 став 3 е спорен, потоа членот 40 став 2 и тоа е во контекст на тие две работи.

**Љупчо Јордановски:** Не гледам дека тој член има врска со невработеност.

**Александар Флоровски:** Има врска, се со сешто има врска.

**Љупчо Јордановски:** Ќе ви дадам време да ни кажете каква врска има со невработеноста.

**Александар Флоровски:** До кога ќе се прават отстапки не ми е јасно, веројатно до крајот на мандатот на оваа Влада. Бадинтеровото мнозинство исто така има двоен аршин. Како пример ќе посочам многу општини или неколку општини во Западна Македонија каде немате ни еден советник македонец, таму ќе одлучуваат само другите советници, значи воопшто нема кој да покрене прашање доколку треба да се заштити македонскиот народ кој е малуброен во одредени дадени општини. Инаку, овде беше спомнато дека некои држави точно немаат референдуми, но некои имаат, како што се Швајцарија, Финска и други постари демократски држави. Дури за многу банални работи, дали трамвајот ќе поминува по оваа или по некоја друга линија. Значи да не земаме здраво за готово, само оние држави кои немаат референдуми, бидејќи има и стари европски држави кои имаат референдум, а максимално го употребуваат во име на граѓаните и граѓанските права, да се слушне гласот на народот. За жал, со овој закон и со овие две катастрофални решенија гласот на народот ќе

биде нечуен, што би рекле србите вапајот ќе биде голем и она што вчера го говорев во расправата околу амандманот на точката 28 став 3, сакам да кажам дека народот немајќи излез по овој пат, ќе се обраќа или директно до Владата внатре или до овој македонски парламент. Значи, оставате едно тешко време кое утре не ќе може да се поправи, а со тоа ќе го навлечете и гневот на македонскиот народ кој е се поочигледен.

На крајот - еве, зборувам 7-8 минути претседателе, и да се придржувам до на што се договоривме, ќе бидам краток, сметам на Уставниот суд. Се надевам дека ќе се најде некој да го покрене ова прашање и дека овие две решенија ќе бидат прогласени како неуставни, затоа што навистина се неуставни, затоа што апсолутно не држат, не се во контекст на Уставот, од една страна да се декларираме како граѓанска држава а од друга страна да го оспорувате правото на граѓаните да се изјаснуваат по битни прашања од сопствениот национален интерес, а ќе има еден куп такви закони и сега и во иднина кои ќе треба да се донесат. Значи едноставно со овие решенија се сака да се замолкне овој македонски народ, да не се слуша неговиот глас и она што е зацртано, за жал, од одредени центри на моќ внатре и надвор од државата, се плашам дека се побрзо и побрзо се остварува. Нема да бидам повторно фаталист но не гледам некоја добра иднина за оваа држава ако работите продолжат вака.

Благодарам, толку претседателе од мене.

**Љупчо Јордановски:** Јас ви благодарам што се државте до ветувањето, мислам дека така можеме да соработуваме со сите.

Господине Георгиевски, повелете.

**Михајло Ѓеорѓиевски:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, после долго исцрпно искажување и дискутирање по овој закон, еве и јас од името на мојата пратеничка група да се изјаснам како ние ќе го поддржиме или нема да го поддржиме законот. Веднаш на почетокот да кажам дека ние овој закон нема да го поддржиме поради неколку причини. Тие причини веќе беа кажани, но сепак и јас овде да ги потенцирам.

Прво, со овој закон се крши Уставот на Република Македонија со кој се предвидува иницијатива за покренување на референдум со 150 илјади граѓани независно од нивната вера и совест, националност и ред други особености. Значи 150 илјади граѓани можат да покренат иницијатива за референдум по одредено прашање од интерес на државата или локалната самоуправа. Сега овде се предлага нешто што оваа законска одредба во Уставот ја узурпира, т.е. се наметнува тоа да ззависи од други причини, а овде нагласува и дава виза за тоа, со тоа што на тоа изјаснување малцинските заедници ќе се изјаснуваат за или против и во тој случај можно е тие малцински заедници, од нив зависи дали ќе дојде до референдум или не. Значи се узурпираат граѓанските права на мнозинскиот народ, мнозинскиот народ е тој заедно со малцинството што одлучува за одредени прашања во државата. Со овој закон веќе се става во зависност мнозинскиот народ од малцинскиот, а никаде во светот нема такво нешто. Ако веќе сме се прогласиле за граѓанска држава треба заз тоа да се држиме, но не да ги менуваме според дневно - политичките потреби нашите закони, нашите гледишта и политички погледи.

Значи, со овој закон се врши узурпација на демократскиот систем во државата, се оди назад, наместо да одиме напред кон демократизација на сите нивоа, со овој закон се враќаме назад и правиме штета на мнозинскиот народ воопшто во целата држава Република Македонија. На тој начин станува заложник и зависен од малцинскиот народ, што не е вообичаено во демокртските држави.

Поради овие причини и поради сето она што се кажа овде, јас и мојата пратеничка група нема да го гласаме, го отфрламе овој закон како штетен со далекусежни последици за демократијата на Република Македонија. Затоа, нема да го поддржиме и го отфрламе како штетен. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријаени за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да пристапиме кон гласање.

Објавувам пауза од 15 минути, а координаторите нека ги соберат пратениците.

(Пауза)

(По паузата)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратениците Чедомир Краљевски и Силвана Бонева сакаа да се произнесат процедурално и за тоа да кажат како ќе гласаат).

Заврши тоа, расправата е затворена, во рамките на расправата по текстот тогаш можевте да кажете како ќе гласате.

**Силвана Бонева:** Сакам да се произнесам процедурално.

**Љупчо Јордановски:** Не може ни процедурално, бидејки не е прекршена процедурата, одиме дирекно на гласање.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Очигледно е дека опозицијата не сака да присуствува на гласањето, па според тоа коалицијата на власта треба да ги обезбеди 61 пратеник. Сега сме присутни 51 пратеник.

Господа пратеници времето за кворум од 10 минути почнува да тече.

Ги молам пратениците да седат, може 10 минути да издржат.

Ако не сум грешка, господине Србиновски во кабина сте и тоа се смета дека сте внатре. Благодарам, излезете.

Почитувани пратеници, бидејќи немаме кворум, а да биде се во рамките на Деловникот, а во Деловникот пишува ако нема кворум за гласање мора да се прекине седницата, јас тоа ќе го испочитувам. Ја прекинуваме сега седницата, а ја продолжуваме, значи ново продолжение денес во 15,00 часот. Благодарам.

(Пауза од 12,18 до 15,19 часот).

Поради немање кворум ја затворам седницата, иако не почна.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Ако утре не се собере кворум, не знам кога ќе ја продолжиме оваа седница.

(Седницата прекина со работа во 15,26 часот).